РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-4643/8
24-11-20

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на прво продолжение на 55-та седница, одржана на ден 17 ноември 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 09 –4189/1 од 09.12.2020 година СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09 –4189/1 од 09.12.2020 година е оформен врз основа на пријава по електронска пошта од -------, за постоење сомневање за судир на интереси во постапка за доделување на јавна набавка во АД -----. Според пријавителот внуката на ---------, --------- не се иземала од комисија за јавни набавки и на својот вујко му доделила тендер во вредност од 6.392.624 денари.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до АД --------- и побара информација за составот на Комисијата за јавни набавки која била надлежна за спроведување на јавна набавка со број на оглас ----------/2020 во АД „-------", каде предмет на јавна набавка била набавка на компјутерска опрема. Понатаму беше побарано да се доставаат копии од Изјавите за непостоење на судир на интереси кои се потпишани од членовите на споменатата набавка.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба: членови на јавна набавка со број на оглас --------/2020 во АД „----------" биле следниве лица: --------, претседател додека како членови на комисијата бие следниве лица: -------, ---------, -------, ------- и -------. Економски оператор кој да добил наведената јавна набавка правното лице -------- АД Скопје. Претседателот и сите членови на Комисијата за конкретната јавна набавка потпишале Изјави за непостоење судир на интереси.

Понатаму, ДКСК се обрати и до лицето ------- од која побара да достави изјава, заверена на нотар, во однос на тоа, дали со лицето --------- со место на живеење на ул. ----------- бр. -

----, Скопје е во роднинска врска односно дали наведеното лице е нејзино блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Од страна на лицето ----------- е доставена изјава заверена на Нотар од 28.07.2021 година во која е наведено дека лицето --------- не е нејзино блиско лице. Изјавата е дадена под полна материјална и кривична одговорност.

ДКСК со цел добивање на дополнителни податоци во два наврати се обрати до пријавителот и тоа на 18.08.2021 година и на 07.09.2021 година. Не е добиен повратен одговор до денот на одржување на седницата.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК констатираше дека не се потврдени наводите во пријавата, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник